09-3985/2
01-07-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-3985/1 од 19.04. 2022 година, против ---------------, директор на КПУ ------------, доставена од познат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, бидејќи веќе има постапено по предмет со слични предметни наводи и се има произнесено по однос на истите, и има донесено одлука од своја надлежност.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 19.04.2022 година, доставена е претставка/пријава, на надлежно постапување, против ----------------, Директорот на КПУ ---------- и оформен е предмет со број 09-3985/1 од 19.04. 2022 година. Во предметот има наводи кои се однесуваат на нерегуларности и судир на интереси во работењето на Директорот на КПУ -------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со слична фактографија на предметните наводи и се има произнесено по однос на истите за што на 66-та седница на ДКСК одржана на 21.04.2022 година е донесена Одлука број 12-7076/2 од 27.04.2022 година.

Врз основа на претходно наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р В.Г -член на ДКСК